# КОН ОВОЈ БРОЈ НА „СОЦИОЛОШКА РЕВИЈА“

Социолошка ревија е списание што го издава *Здружението на социолозите на Република Македонија*. Последниот број на Социолошка ревија беше публикуван во 2007. Причините за двегодишното не-објавување се комплексни. Сепак, главниот проблем, кој се појавуваше и при објавувањето на претходните броеви, се наоѓа во несигурните финансиски извори. Во 2008 година не добивме финансиски средства од Министерството за образование и наука со кои во минатите периоди делумно ги покривавме трошоците за печатење. Овој број се печати со финансиска поддршка од Филозофскиот факултет во Скопје и Министерството за култура во Р. Македонија кон кои ја изразуваме нашата благодарност.

Во предговорот од претходниот број истакнавме дека редакцискиот одбор е подготвен да публикува повеќе броја годишно доколку се зголеми интересот за публикување на авторите од ова подрачје. Меѓутоа, ваква потреба не беше артикулирана. За *Ревијата* покажаа поголем интерес авторите од граничните подрачја на социологијата.

Во овој број не постои една доминантна тема. Можеби тоа се должи на одлуката на редакцискиот одбор да ги публикува во *Социолошка ревија* сите текстови кои пристигнаа по објавениот повик во јануари 2008 година. Во оваа прилика го пренесувам и моето лично извинување до авторите поради непредвиденото подолго чекање за публикување на нивните текстови. Меѓутоа, оваа разноликост на темите може да се смета и за предност бидејќи не приближува кон општествената реалност која е многу комплексна и фрагментирана. Исто така, ваквата разноликост на темите го покажува актуелниот интерес на истражувачите кон определени подрачја. Во *Ревијата* се присутни темите поврзани со образованието, религијата, моралот, културата, национализмот, етничката дистанца, сиромаштвото, семејството, но и теми поврзани со предизвикот за разбирање на современото општество преку новите концепции каква што претставува комунитаризмот. Што се однесува до текстовите од граничните подрачја на социологијата доминираат текстови од областа на психологијата. Во однос на овие текстови би рекле дека за социологијата е добредојдено секое ново сознание за општествените проблеми кои гравитираат кон предметното подрачје на социологијата.

Доследно на традицијата на Социолошка ревија и во ова издание објавуваме преводи од странски автори, како и избрани текстови од странски автори напишани на еден од светските јазици. На ова место потсетуваме на нашите заложби за натамошно отворање на *Социолошка ревија* кон меѓународната научна јавност, како и нејзината афирмација во меѓународниот академски простор.

Обидите да ја зголемиме присутноста во *Социолошка ревија* така што ќе имаме поголем број на автори, односно

информации за различните занимања кои се извршуваат во рамките на професијата - социолог, во овој број дадоа и конкретен резултат. Имено, еден од текстовите е посветен на методиката во изведувањето на наставата по предметот социологија во средните училишта. Искрено се надеваме дека во идните броеви ќе добиеме текстови со настани или проекти од професионалниот живот на наставниците по социологија или граѓанско образование, социолозите новинари, активистите во граѓанските здруженија, вработените по институциите и сл. кои можат да бидат споделени со пошироката јавност.

Овој број на Социолошка ревија им понудува на читателите богат содржински материјал. Меѓутоа, поради недоволноста на финансиските средства текстовите не се лингвистички ревидирани и лекторирани. Поради значителното доцнење на Ревијата редакцискиот одбор одлучи текстовите да бидат отпечатени во верзијата во која тие беа доставени. Во тој контекст, како главен и одговорен уредник, целосно се оградувам од одговорноста за евентуалните лингвистички и технички недоследности.

На крајот би сакала да им се заблагодарам на читателите, на авторите, на членовите на *Здружението на социолозите во Р. Македонија* во чијшто рамки се издава *Ревијата* и на членовите на *Реакцискиот одбор* за успешната соработка во текот на подготовките и печатењето на Ревијата. Исто така, би сакала да го споделам задоволството кое го имав при подготовките на *Ревијата*, како и радоста што ја чувствував по секој објавен број. Со овој број на Социолошката ревија завршува и мојот мандат во кој беа објавени четири броја, а на новиот главен и одговорен уредник му посакувам успешна работа.

Главен и одговорен уредник
*Проф. д-р Милева Ѓуровска*

Скопје, Јуни 2010